**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 13 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 129/23 и 53/2024), по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 30.12.2024 година, ја утврди следната

# СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ

## за 2025 година

**2024 година**
**Скопје**

## КРАТКА СОДРЖИНА

1. ВОВЕД...........................................................................................................................3

2. ЦЕЛ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА ПРОГРАМА............................................................................3

3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА ПРОГРАМА ..............................................3

Модул 1 – Општи познавања од областа на материјалното граѓанско право .........................3

Модул 2 - Имплементација на Законот за парнична постапка.................................................4

Модул 3 – Организација и надлежност на судовите / Етички кодекс / Судир на интереси / Антикорупциски мерки / Комуникациски вештини – ...............................................................4

Модул 4 – Општи познавања од областа на материјалното казнено право/ казнена политика ........................................................................................................................................4

Модул 5 - Имплементација на Законот за кривична постапка.................................................5

4. ЗАКЛУЧОК ...................................................................................................................5

## 1. ВОВЕД

Согласно член 42, став 4 од Законот за судовите (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 58/2006, 35/2008, бр.150/2010, бр.83/2018, бр.198/2018 и бр.96/2019), по изборот, судиите поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители.

## 2. ЦЕЛ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА ПРОГРАМА

Обуката за судии поротници опфаќа примена на процесните закони –Закон за парнична постапка и Закон за кривична постапка и теми од областа на судир на интереси, антикорупциски мерки, комуникациски вештини и етика како и одбрани теми од областа на материјалното казнено и граѓанско право кои ќе им дадат на судиите поротници основни познавања од соодветната материја неопходни за следење на процесот било во граѓанска или кривична постапка. Обуката се спроведува со цел подготовка на судиите поротници за примена на процесните и материјалните закони како и професионално, етичко и непристрасно извршување на функцијата судија поротник.

## 3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА ПРОГРАМА

Обуката се организира веднаш по изборот на судиите поротници од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија и се спроведува по апелационите подрачја Битола, Гостивар, Скопје и Штип, во времетраење од 2 дена, со тоа што секој ден обуката трае по 6 наставни часа. Во однос на содржината на обуката, се спроведуваат 5 основни модули и тоа:

**Модул 1 – Општи познавања од областа на материјалното граѓанско право**

(2 наставни часа) со следната содржина:

- Видови спорови во парнична постапка
- Поим и најчести видови на работен спор
- Поим и најчести видови на спрови од областа на облигационите односи

- Поим и најчести видови на семејни спорови
- Поим и најчести видови на спорови од областа на сопственичко-правните односи
- Поим и најчести видови на трговски спорови

**Модул 2 - Имплементација на Законот за парнична постапка**

(2 наставни часа) со следната содржина:

- Практична имплементација на Законот за парнична постапка во првостепена постапка со посебен осврт на одредбите кои се однесуваат на учеството на судиите поротници во постапката
- Донесување на одлуки и нивно објавување
- Практична имплементација на Законот за парнична постапка во второстепена постапка со посебен осврт на одредбите кои се однесуваат на учеството на судиите поротници во постапката
- Донесување на одлуки во второстепена постапка

**Модул 3 – Организација и надлежност на судовите / Етички кодекс / Судир на интереси / Антикорупциски мерки / Комуникациски вештини –**

(4 наставни часа) со следната содржина:

- Општо за организација и надлежност на судовите
- Стандарди за независно судство
- Етика и слободното судиско убедување
- Судир на интереси
- Антикорупциски мерки
- Комуникациски вештини

**Модул 4 – Општи познавања од областа на материјалното казнено право/ казнена политика**

(2 наставни часа) со следната содржина:

- Општ дел од Кривичниот законик
- Преглед на кривичните дела предвидени во КЗ со посебен осврт на најновите измени на КЗ

**Модул 5 - Имплементација на Законот за кривична постапка**

(2 наставни часа) со следната содржина:

- Новиот концепт на Законот за кривичната постапка
- Спогодување согласно ЗКП
- Улогата на судијата на претходна постапка и доказно рочиште
- Мерки за обезбедување присуство на лица за непречено водење на кривичната постапка
- Тек на главната расправа
- Записник за главната расправа
- Признание на вина во текот на главната расправа
- Доказна постапка и редослед на изведување на доказите
- Начини на испитување и правила на судот во процесот на изведување докази
- Испитување на обвинетиот
- Донесување на одлуки и нивно објавување
- Постапка по жалба/Донесување на одлуки во второстепена постапка

## 4. ЗАКЛУЧОК

По завршувањето на обуката, судиите поротници добиваат потврда за завршена обука и за истото го известуваат Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**„Павел Шатев“**
**Претседател на Управен одбор**
**Претседател на Основен граѓански суд**
**Скопје**
**Судија Besnik Avdija**